УДК: 325.83(497.7):[373.5.016:94"1939/1945"(075.3)
325.83(497.7)"1939/1945"(075.3)

Зеќир Рамчиловиќ
zecir.ramcilovic@ini.ukim.edu.mk
Суада А. Џоговиќ
suada.dzogovic@unhz.eu

# ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА И НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНАТА БОРБА ВО МАКЕДОНСКИТЕ УЧЕБНИЦИ ПО ИСТОРИЈА ЗА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

*Abstract.* – In Macedonian historiography, the Second World War is mainly defined as the most significant and brightest event in national history, unlike some historical events about which there are disagreements in the national historical, but also contemporary political discourse. The Second World War serves as a synonym and symbol of the centuries-long struggle of the Macedonian people for the consolidation of their identity, and the formation of the Macedonian nation and state. Accordingly, we believe that the Macedonian historiography from the period of the former common state of Yugoslavia has not undergone major changes in independent Macedonian state. In this regard, it differs from certain countries in the region, where there have been attempts to change the memory of the Second World War or, at the very least, to relativize the fascist movements, their collaborators, and the regimes that were part of or served them. Given this context, it is particularly important to continue research on the Second World War based on facts, without relativizing the catastrophes and tragedies caused by fascist movements. Unfortunately, history is increasingly used for political purposes and for crisis management through the creation of ideologized national narratives and myths. The methods are different, but excellently synchronized. Often, political elites and other centers of power see education as a powerful instrument for shaping the consciousness of young people and their perception of social processes. History as a science, and especially as a school subject, is crucial for educating younger generations. Through the curriculum, and particularly the content of textbooks, which represent the "official truth," each individual grows and is built. For this reason, we

have chosen to research the teaching content of the Second World War in secondary school history textbooks. In addition to the chronological overview the content in the textbooks for this period will be analyzed, with quotes and comments on both positive and negative aspects. With this research approach, we expect to confirm the already stated thesis that the Macedonian narrative and perspective on the Second World War have not undergone significant changes. It is also anticipated that interest in the the space of the former common state of Yugoslavia will decrease, and the section on national history will increase, as well as the history of the Pirin and Aegean parts of Macedonia in Bulgaria, i.e. Greece.

*Keywords*. – Second World War, North Macedonia, history textbooks, antifascist and national liberation struggle.

## МЕТОДОЛОГИЈА

Втората светска војна е една од најзначајните теми во наставата по историја, со особен акцент на Народноослободителната и антифашистичка борба на македонскиот народ и другите народи кои жевееле на овие простори (1941–1945). Учебниците по историја кои се користат во средното образование ја прикажуваат оваа борба како клучен настан за националното ослободување и за формирањето на македонската држава. Трудот се базира врз анализа на учебниците по историја за III година гимназија и II година средно стручно образование, како и на релевантни документи од Министерството за образование и наука, наставни програми и научна литература. Целта е да се направи анализа на постојните учебници по историја во Северна Македонија, која ќе ги истакне позитивните придобивки и слабостите на наставните содржини за Втората светска војна и народноослободителната борба, со помош на конкретни примери и цитати. По што ќе бидат дадени и заклучни согледувања и препораки за подобрување на наставните содржини во учебниците во насока на поголема објективност, мултиперспективност и чување на антифашистичките придобивки, нивно афирмирање и унапредување како темел на кој е изградена и треба да продолжи да се гради и развива македонската држава и општество.

## ВОВЕД

По успешниот референдум и прогласувањето на независноста на Република Македонија, континуитетот на историската и општествената

мисла од основањето на македонската историска наука и историските институции во федеративна Југославија продолжува.

Влијанието на политиката и обид за воспоставување контрола врз историјата и историчарите е секогаш присутно поради создавањето на посакуваната нарација и општествена свест на граѓаните на една држава. Во македонскиот случај, во однос на Втората светска војна, генерално немаше значајни промени во наративот што се градеше со децении, освен во однос на некои значајни личности, дури и носители на НОБ, кои заради различните ставови на крајот од војната и по неа, беа апсени и судени. За одредени прашања, нивните позиции можат да се оценат како промакедонски, што по независноста беше во интерес на државата да ги рехабилитира, односно да го истражи и публикува нивното значење во НОБ и по војната. Во оваа насока, се појавуваат и истражувања за карактерот на НОБ на македонскиот народ, односно *„промакедонските“* и *„пројугословенските“* струи во Комунистичката партија на Македонија. Ова е деликатно прашање, кое не може да се објасни во овој формат, но важно е да се истакне дека дури и по независноста, официјалната македонска историографија не го намали значењето и придонесот на сите чинители кои беа дел од создавањето на Републиката во федеративна Југославија. Се појавија и многу аматерски публикации, кои сензационално и субјективно пишуваа за одредени настани и личности од минатото, кои не можат да бидат научни, но влијаеја на јавното мислење. Иако овие теми се однесуваат на повоениот период, тие се директно поврзани со Втората светска војна. Значи, по независноста, македонската историографија одговара на некои тешки прашања за личности како што Методија Андонов Ченто, Методија Шаторов - Шарло, Венко Марковски, Панко Брашнаров, Кузман Јосифовски-Питу, Петре Пирузе Мајски, Ризо Ризов, Павел Шатев и други.

Покрај делата за горенаведените и други историски личности, кои биле (не)праведно етикетирани, апсени и осудени од комунистичките власти, македонската историографија не отстапува од антифашистичкиот наратив. По независноста, плејада историчари продолжува да работи на теми за значењето и придобивките на Втората светска војна. Дел од нив се: Новица Велјановски,[1] Марјан Димитријевски,[2] Иван Ка-

[1] Историското значење на Првото заседание на АСНОМ, Историја, XXX, бр. 1-2, 17, Скопје, 1994.; Македонското прашање во бугарскиот парламент 1941-1944., Скопје, 1996.; Македонија во југословенско-бугарските односи (1944-1953), ИНИ, Скопје, 1998.; Македонија 1945-1991., Државност и независност, Матица македонска, Скопје, 2002.; Меѓународниот одглас на АСНОМ и македонската државност, Скопје, 2004.;

тарџиев,[3] Ѓорѓи Малковски,[4] Лилјана Пановска,[5] Љубица Јанчева,[6] Александар Литовски,[7] Виолета Ачковска,[8] и др.[9] Повеќето од овие автори, за

Македонија и Балканот: договори и односи по Втората светска војна, Македонска реч, Скопје, 2007.

[2] Третиот Рајх и Македонија 1941-1945., Документи, Скопје, 1996.; Третиот Рајх и Македонија 1941-1945., Документи, том I, кн. 2. Скопје, 1997.; Македонската војска 1944-1945., ИНИ, Скопје, 1999.; Политиката на Третиот Рајх кон Македонија 1933-1945, ИНИ, Скопје, 2001.; Големите сили и Македонија во Втората светска војна: 1939-1945, (политички, воени и економски аспекти), ИНИ, Скопје, 2018.

[3] Македонија спроти Втората светска војна, Менора, Скопје 1999.; Македонија спроти Втората светска војна: летопис за политиката на денационализација на македонскиот народ, Соседите и Македонија: вчера, денес, утре, Скопје, Култура, 2006.; Васил Ивановски, борец за идеалот за слободна и обединета Македонија на Балканот. Кн. 1, Историја на Македонија од антиката до АСНОМ, Скопје, МАНУ, 2014.

[4] Бугарската фашистичка организација "Браник" во Македонија: (1941-1992), Скопје, 1992.; Профашистичките и колаборационистичките организации и групи во Македонија 1941-1944., ИНИ, Скопје, 1995.; Политичките партии, организации и здруженија во Македонија во Втората светска војна 1941-1944, ИНИ, Скопје, 2002.

[5] Теророт во егејскиот дел на Македонија (под германско-италијанска окупација) 1941-1944. ИНИ, Скопје, 1995.; Крајот на една илузија. Граѓанската војна во Грција и Македонците 1946-1949. Скопје, 2003.

[6] Народноослободителните одбори во Струмичко-Радовишкиот регион 1941–1945, ИНИ, Скопје, 2009.; Скопската партиска организација на ПК на КПЈ за Македонија (1941 - 1944), зборник на документи Том 1, Кн. 1, ДАРМ, Скопје, 2021.; Кон државноста на македонската нација: Македонскиот антифашизам во акција (1941-1945), Здружение за негување на антифашистички традиции "19 Ноември", Битола, 2024.

[7] Македонската национали ноослободителна платформа во Втората светска војна (1941-1944), Сојуз на здруженијата на Македонците од Егејскиот дел на Македонија, Скопје, 2008.; Идејните основи на борбата за македонска национална држава (1941-1944), Аз-буки, Скопје, 2023.; Спомени и материјали за Национално-ослободителната и антифашистичка војна на македонскиот народ 1941-1945. Т. 1, Кн. 2, Сеќавања од учесници во Националноослободителната и антифашистичка војна на македонскиот народ во Битола и Битолско, ДАРСМ, Скопје, 2023.

[8] Македонија во југословенската федерација 29.11.1941- 8.9.1991. Хронологија, Скопје, 2001.; Информбировската кампања и македонските бегалци од Беломорска (Егејска) Македонија, „Историја", XLIII/1-2, Скопје, 2007.; Лекции од историјата на современата македонска држава, Филозофски факултет, Скопје 2011.

[9] Ташко Мамуровски, Македонците во Егејска Македонија 1945-1946. ИНИ, Скопје, 1995.; Тодор Чепреганов, Велика Британија и македонското национално прашање (август 1944–1948), ИНИ, Скопје, 1997.; Миле Михајлов, Прашањето за обединувањето на Македонците во Втората светска војна, 1941-1945., Скопје, 2000.; Ѓорѓи Чакарјаневски, Главниот штаб на НОВ и ПОМ и државноста на Македонија, Скопје, 2001; Велимир Брезовски, Комунистичка партија на Македонија 1941-1944. Скопје, 2003.; Нада Јурукова, Културно-просветните појави и процеси во Македонија во Втората

разлика од југословенскиот период, имаат поширок и пообјективен пристап во сите свои истражувања кога станува збор за Втората светска војна. Во нивните дела нема табу теми или забранети личности, а во контекст на војната тие пишуваат и за други области на Македонија во Грција и Бугарија. Во оваа насока, овој период беше обележан и со делата на Ристо Кирзајовски за подрачјето на Егејска Македонија.[10] Дел од наведените се јавуваат и како автори на учебници.

За разлика од југословенскиот период, постои поголем интерес и за холокаустот на македонските Евреи. Од особена важност се делата на Александар Манојловски[11] и други автори кои фрлаат светлина врз трагичната судбина на Евреите за време на Втората светска војна.

Во Северна Македонија продолжуваат да се одржуваат научни симпозиуми, кои значително ја збогатуваат македонската историографија и се добар форум за отворање теми што биле избегнувани во минатото и имаат свое влијание и врз наставната програма и учебниците по историја. Покрај многуте настани за значајни личности, за македонските Евреи, како и оние со теми од регионален и локален карактер, особено се важни научните симпозиуми кои се одржуваат континуирано на секои десет години по повод годишнината од АСНОМ, во организација на Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ) и Институтот за национална историја (ИНИ).[12]

---

светска војна, ИНИ, Скопје, 2003.; Методија Манојловски, Четвртата македонска народноослободителна бригада, Скопје, 2004.; Владо Ивановски, Политичките судски процеси во скопје за време на бугарската окупација (1941-1944), ДАРМ, Скопје, 2009.; Тодор Чепреганов, Политиката на Соединетите Американски Држави и на Велика Британија спрема Македонија во текот на Втората светската војна, ИНИ, Скопје, 2012.

[10] Демократски и антифашистички партии и организации во егејскиот дел на Македонија (1941-1945), Скопје, 1991.; Македонците и односите на КПЈ и КПГ (1945-1949), Култура, Скопје, 1995.; Егејскиот дел на Македонија по Граѓанската војна во Грција, ИНИ, Скопје, 2001.; Петте судбоносни години во Егејска Македонија (1945-1949), Здружение за деца бегалци од Егејскиот дел на Македонија, Скопје, 2009.

[11] Записници од седниците на Македонската еврејска верска општина во Скопје (1944-1946), ДАРМ, Скопје, 2017.; Сонцељубивите македонски сефарди, Сојуз на антифашисти - Антифа, Битола, 2019.; Последниот албум : чувар на спомените за еврејската верска општина во Битола, А.М., Скопје, 2020.; Храброст пожртвуваност победа: Евреи учесници во народноослободителната и антифашистичка војна во Македонија, Еврејска заедница на РСМ, Скопје, 2020.

[12] Научен собир по повод одбележување на педесет години од одржувањето на првото заседание на АСНОМ: Педесет години македонска држава 1944-1994, МАНУ и ИНИ,

Она што треба да се нагласи е дека содржините за Втората светска војна и одржувањето на АСНОМ, како фактички, така и во интерес на државата истакнуваат дека македонскиот народ и македонските граѓани биле дел од меѓународна коалиција на земји кои се бореле против фашизмот, без оглед на националната и верската припадност во борбата за слобода и рамноправност во новата македонска република. Потоа, сè повеќе се нагласува фактот дека македонското националноослободително движење почива или е под силно влијание на илинденската традиција во борбата за национално ослободување и создавање на македонска држава. Секако со право, 2ри август е избран за датум за одржување на АСНОМ. И истото не е во спротивност со вредностите на антифашистичката нарација за Втората светска војна.

По осамостојувањето, беа забележани и големи промени во положбата на црквата и религијата во општеството, како и во употребата на религиозните симболи во јавниот и општествениот живот, како и интересот на историчарите за нив. Голем е бројот на содржини и илустрации во учебниците по историја во основното и средното образование.[13]

Очигледно е дека многу малку се истражува и пишува за иселувањето на населението со исламска религија од Македонија, аграрната реформа и комунистичките репресии врз обичното население. Овие теми многу бавно го наоѓаат своето место во официјалната македонска историографија и учебниците.

Општествено-политичките настани на домашно ниво (вооружен конфликт во 2001 година), но пред сè на меѓународно ниво (Грција - името на државата; Бугарија – идентитетски прашања, Србија - автокефалност на Македонската православна црква), во првата и втората деценија од 21 век, имаа влијанија на политичкиот дискурс, преку кој дополнител-

---

Скопје, 17-18 ноември 1994.; Научен собир по повод шеесетгодишнината од одржувањето на првото заседание на АСНОМ, Република Македонија 60 години по АСНОМ, МАНУ и ИНИ, Скопје, 2004.; Научен собир по повод одбележување на седумдесетгодишнината од одржувањето на првото заседание на АСНОМ: АСНОМ и македонската држава, МАНУ и ИНИ, 28 ноември 2014.; Меѓународен Научен собир по повод години од Првото Заседание на АСНОМ: Антифашизмот помеѓу меморијата и заборавот, Скопје, 13-15 ноември 2024.

[13] Zecir Ramcilovic, Nedzad Mehmedovic, Islam and Christianity in the History Curriculum of the Primary Education in the Republic of Macedonia", Journal of Social and Human Sciences, vol. 1, International Balkan University, Skopje 2014.; Zecir Ramcilovic, The Islamic Religion in Course Curriculums of High School History Textbooks in the Republic of Macedonia, Cultural and Religious Studies, April 2024, Vol. 12, No. 4, David Publishing Company, Wilmington DE, 2024.

но и на историските истражувања. Кон крајот на втората деценија на 21 век, ставовите на Бугарија, меѓу кои и за II Светска војна, го зголемија интересот за значењето на антифашизмот и Народноослободителната борба (НОБ) на македонскиот народ и македонските граѓани. За разлика од Бугарија, Србија или Хрватска, во Македонија секое отфрлање на антифашистичкото наследство се перцепира како напад врз добар дел од сопствениот национален идентитет. Сметаме дека Втората светска војна, или поточно антифашистичката и народноослободителната борба, се најдобрата точка на конвергенција и зајакнување на единството, како интраетнички во македонскиот етнички блок, така и меѓуетнички.

## ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА И НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНАТА БОРБА ВО УЧЕБНИЦИТЕ ПО ИСТОРИЈА

Историјата како наука и наставен предмет е општествена, но и хуманистичка наука. Тоа практично значи дека таа нуди не само знаење за минатото, туку и влијае во обликувањето на учениците, во смисла на формирањето на нивната личност, како единка и како колективитет во однос на рационалното сознание за себеси и за другите. Затоа во образовниот процес, историјата е единствената наука, односно наставен предмет, кој на учениците им објаснува поими од општествената теорија и пракса и нуди основи за градење на идентитетот. Поради тоа, историјата е многу важна за развојот на компетентен, креативен, граѓански ориентиран и етички изграден човечки капитал и клучен фактор за меѓусебно разбирање, дијалог и соживот во мултиетничкото и мултирелигиското македонско општество. Денес во Република Северна Македонија историјата се изучува како задолжителен предмет во основното образование[14] и гимназиското средно образование,[15] додека во стручното средно образование се изучува една година.[16]

---

[14] Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија, *Наставен план за основно образование за 2025–2026* (Скопје: Министерство за образование и наука, 2025), PDF, пристапено на 26.08.2025, https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2025/04/Nastaven-plan-za-osnovno-obrazovanie-za-2025-2026.pdf

[15] Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија, *Наставен план — гимназиско образование* (Скопје: Министерство за образование и наука, 2018), PDF, пристапено на 26.08.2025., https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2018/02/Nastaven_plan-Gimnazisko-1.pdf

[16] Центар за стручно образование и обука, „Струки“ (образовни профили), веб-страница на, пристапено на 26.08.2025, https://csoo.edu.mk/pocetna/struki/; Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија, *Наставен план — угос-*

Во средното гимназиско образование, наставните содржини за Втората светска војна се изучуваат во III (трета) година. Од страна на Министерството за образование и наука одобрени се два учебници: Новица Велјановски и др., Историја за III година гимназиско образование, Просветно дело, Скопје, 2006. и Блаже Ристовски и др., Историја за III година реформирано гимназиско образование, Просветно дело, Скопје, 2003. Истите имаат повеќе изданија, а јас ги користев изданијата објавени во наведенеите години. Наставниот материјал во двата учебници по Историја за III година е поделен во единаесет тематски целини, од кои три се за Втората светска војна, со идентични наслови: *„Светот во Втората светска војна“*, *„Балканот во Втората светска војна“*[17] или *„Балканските држави во Втората светска војна“*[18] и *„Македонија во Втората светска војна“*.

Во учебникот од Н. Вељановски и др., темата *„Светот во Втората светска војна“*, од 101 до 119 страница, сметаме дека реално се прикажани причините за почетокот на војната, нејзиниот тек, завршеток и последиците од војната. Во овие содржини посебен акцент е ставен на формирањето на антифашистичката коалиција и принципите на Атлантската повелба. Прикажани се најзначајните воени операции и фронтови, а посебен осврт е даден на оние во Европа, особено Источниот фронт и Нормандија, потоа Африка и Пацификот. Да напоменеме дека во тие прикази посебно се идеологизира значењето на СССР, каде што се вели дека *„Во текот на 1942 и 1943 година, најголем товар од војната го понесе СССР.“*[19] Посебно се обработени и конференциите во Техеран, Јалта, како и Потсдам каде покрај другите, се спомнуваат и одлуките за уништување на нацизмот. Во посебна лекција обработени се последиците од војната и холокаустот на Евреите, каде покрај случувањата во светот, во овој дел се зборува и за геноцидот на македонските Евреи од страна на бугарските фашистички власти.

Во учебникот од Б. Ристовски и др., темата *„Светот во Втората светска војна“*, се разработува од 81 до 95 страница. Во овој учебник хро-

---

*тителска струка, бивингвални содржини* (Скопје: Министерство за образование и наука, 2022), PDF, пристапено на 26.08.2025, https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2022/06/NP-Ugostitelska-bilingvalni-4-2022.pdf

[17] Новица Велјановски и др., Историја за III година гимназиско образование, Просветно дело, Скопје, 2006.

[18] Блаже Ристовски и др., Историја за III година реформирано гимназиско образование, Просветно дело, Скопје, 2003.

[19] Новица Велјановски и др., Историја..., 107.

нолошки и рамномерно во квантитет се објаснети причините за Втората светска војна, почетокот на војната и воените операции за сите фронтови посебно: Западниот фронт; Југоисточниот фронт; Гермаснко-руската војна и Војната на Пацификот. Понатаму за формирањето на антифашистичката коалиција и воените операции по нејзиното формирање, Техеранската конференција се до капитулацијата на Германија и Јапонија. Во овој учебник се разработени и последиците од војната, а има содржини и за конференциите во Јалта и Потсдам. Лекциите изобилуваат со илустрации, содржините се дадени хронолошки и фактографски без идеолошки примеси.

Во учебникот од Н. Вељановски и др., тематската целина „*Балкан во Втората светска војна*", од 121 до 139 страница, започнува со фашистичката агресија на Балканот. Покрај прикажувањето на предвоените услови на Балканот, најпрво е прикажано бугарското пристапување во Тројниот пакт и територијалните проширувања на Бугарија, односно окупацијата на најголемиот дел од Вардарскиот дел на Македонија, Пиротскиот регион, Западна Тракија и источните делови на Егејскиот дел на Македонија. Потоа се дава преглед на настаните во Грција, од италијанско-грчката војна, до германскиот напад и капитулацијата на Грција и антифашистичкиот отпор за ослободување на Грција. Потоа се зборува за Романија и неутралната позиција на Турција.

Во оваа тема, најголем дел е посветен на Југославија. За пристапувањето во Тројниот пакт, демонстрациите и државниот удар и потенцирањето дека „*Народот не беше задоволен од оваа одлука, бидејќи ја сметаше за неприфатлива соработката со нацистите.*"[20] Поради што беше извршен жесток напад врз Југославија и нејзина капитулација. Во овој дел е дадена и обемна биографија на Јосип Броз Тито со една од неколкуте негови фотографии во учебникот. Во делот за поделбата на Југославија и антифашистичкиот отпор, меѓу другото се вели дека „*На територијата на Хрватска беше создадена Независна Држава Хрватска (НДХ) на чело со Анте Павелиќ, а во Србија беше формирана квислиншка влада на чело со Милан Недиќ. Во Србија дејствуваше и националистичкиот четнички покрет на чело со генералот Дража Михаиловиќ, кој се бореше за повторно воспоставување на централизирано Кралство Југославија под хегемонистичкиот режим на Србија.*"[21] Покрај овие поедноставени, според нас релативно точни, ја сметаме за погрешна констата-

[20] Исто, 124.

[21] Исто, 125.

цијата: *„Во Хрватска и Босна во текот на војната се водеше крвава граѓанска војна меѓу Хрвати, Срби и Муслимани.“*[22] За издвојување е и констатацијата дека *„Народноослободителната војска на Југославија се бореше против окупаторите и домашните издајници*“, како и дека *„Југословенското комунистичко движење беше предводник на отпорот*“ и истото имаше поддршка од *„сите југословенски народи*“, бидејќи се залагаше за *„создавање нова Југославија изградена на федеративни принципи, со рамноправност на сите југословенски народи и национални малцинства.“*[23] Прикажан е и понатамошниот тек на војната, успешните воени операции, како и прифаќањето на НОВ од страна на сојузниците, со акцент на создавање слободни територии, одржување на Второто заседание на АВНОЈ и неговата Декларација.

Во посебна лекција *„Албанците под фашистичка и нацистичка окупација*“ се презентирани плановите, нападот и окупацијата на Албанија од страна на Италија. Тешката положба на Албанците и отпорот кој го предводеше Комунистичката партија на Албанија, како и квислиншките албански институции најпрво под Италија, а потоа под германска управа. Во текстот како прилог е дадено писмо од Мехмет Шеху упатено до Душан Мугоша во знак на благодарност за придонесот во ослободителната борба на албанскиот народ и формирањето на комунистичката партија. Ова го сметаме за позитивен пример во прилог на градење доверба и соживот на народите на овие простори. Со исто значење е и заедничката фотографија на Борис Вукмировиќ, Рамиз Садику и Џевдет Хамза. Кога станува збор за положбата на Албанците, се истакнуваат нивните остварени национални права за време на италијанската или германската окупација, додека *„Албанците и Македонците кои останале под бугарска власт немале никакви права.“*[24] Во делот за антифашистичката војна на Албанците, покрај Албанската комунистичка партија, се зборува и за националистичката организација *„Бали Комбетар*“, која меѓу другото се залагала за обединување на албанците во една држава. Но, се потенцира дека *„Организацијата ја прошири својата дејност во Косово и Македонија иако немаше голема поддршка од домашното население.“*[25] На крајот, лекциите за Албанија завршуваат со констатација дека *„Албанската и македонската војска дадоа голем придонес во ослобо-*

[22] Истото.

[23] Исто, 126.

[24] Исто, 135.

[25] Исто, 138.

*дувањето на цела Југославија.*"[26] Во оваа лекција има повеќе примери кои укажуваат на соработка на различните народи во борбата за слобода, за разлика од претходните лекции во кои акцентот е ставен на борбата на македонскиот народ.

Во учебникот од Б. Ристовски и др., темата *„Балканските држави и народи во Втората светска војна"* од 96 до 105 страница има две лекции поделени хронолошки од 1939 – 1943 година и 1943 – 1945 година. За разлика од учебникот на Н. Вељановски и др., во кој има и посебна лекција за Албанија, во овие две лекции дадени се посебни параграфи за балканските држави: Југославија, Грција, Бугарија, Романија, Албанија и Турција. Од 1939 до 1943 година, слично како и со другиот учебник, прво е објаснето пристапувањето на Југославија кон Тројниот пакт, демонстрациите и државниот удар, за кој се вели дека го извршиле *„проанглиски настроени политички сили".*[27] Што беше причина за нападот врз Југославија, како што е објаснето до капитулацијата. Во делот за поделбата на Југославија, покрај објаснувањето дека таа е подделена помеѓу Германија, Италија, Унгарија и Бугарија, како и: *„Хрватска формира квинслишка Независна Држава Хрватска (НДХ) на чело со поглаварот на усташкото движење Анте Павелиќ, а во Србија беше формирана квислиншка влада на чело со Милан Недиќ."*[28] И во овој учебник, се повторува констатацијата дека *„Во Хрватска и во Босна почна крвава граѓанска војна меѓу Хрватите, Србите и Муслиманите.*"[29] И за Грција е даден краток, но според нас коректен преглед за причините, нападот и окупацијата. За Бугарија, покрај другото се напоменува и за причините за нејзино пристапување кон Тројниот пакт, односно *„желба да ги реализира своите територијални претнзии во однос на Романија, Југославија и Грција.*"[30] Ова е терминолошки исправно на тогашната фактичката состојба, и во наредниот пасус исто така стои: *„Бугарија анектира територии од Југославија (поголемиот дел од Вардарскиот дел на Македонија,)..."*[31] Освен за Романија, многу кратко во два параграфа се напоменува за Албанија, која *„со помош на фашистичка Италија територијално се проширила за сметка на своите соседи...",* и *„На освоените територии албанските власти водеа политика на денационализација и асими-*

---

[26] Исто, 139.

[27] Блаже Ристовски и др., Историја за III година..., 96.

[28] Истото.

[29] Истото.

[30] Исто, 98.

[31] Истото.

*лација на неалбанското население.“*[32] Лекцијата завршува со антифашистичкиот отпор на балканските народи. Најпрвин за Југославија, каде ја сметаме за исправна констатацијата дека отпорот бил *„раководен од КПЈ, на чело со Јосип Броз Тито“*, потоа за востанијата и Првото заседание на АВНОЈ. И во овој учебник јасно е наведено дека *„Српското националистичко движење на чело со Дража Михајловиќ се бореше за воспоставување на старото централизирано Кралство Југославија со стариот хегемонистички српски режим.“*[33] И за Грција, Бугарија, Албанија и Романија сметаме дека е даден краток и коректен преглед на антифашистичкиот отпор, но и на националистичките движења со што учениците можат да направат јасна дистинкција помеѓу прогресивните и регресивните сили. Ова е повеќе од значајно со оглед на се поизразените ревизионитички наративи во соседството. Во таа насока е и ставот дека *„Носители на антифашистичкото движење на Балканот беа главно комунистичките партии.“*, а на две места се потенцира: *„Во антифашистичкиот отпор на балканските народи учествуваше и македонскиот народ – за национална слобода и своја држава.“*[34] Во втората лекција е даден периодот од 1943 – 1945 година за сите балкански народи и држави, односно борбата за ослободување и позначајните процеси и настани. Ќе ја издвоиме констатацијата за односот на Бугарија кон Евреите, со оглед дека многу често и во јавноста и во научните кругови во и надвор од регионот, се потенцира дека Бугарија ги спасила Евреите, а многу малку се знае дека бугарските власти помогнале во апсење и ликвидација на македонските Евреи. Во учебникот стои: *„Бугарската влада и царот одбија бугарски војски да учествуваат на Источниот фронт и ги спасија бугарските Евреи од ликвидација (48.000). Но, на 11 март 1843 година од окупираната територија на Македонија, од вкупно 7.762, со помош на бугарските власти, 7.323 Евреи беа однесени во германските логори и речиси сите ликвидирани.“*[35] Иако може да звучи контрадикторно, тоа е историска вистина и секогаш како таква треба да биде презентирана.

Последната тематска целина во учебникот од Н. Вељановски и др., *„Македонија во Втората светска војна“* (од стр. 141 до 170) започнува со констатацијата дека *„Втората светска војна го затекна македонскиот народ поделен и обесправен во сите три држави — Југославија, Буга-*

[32] Истото.

[33] Исто, 99.

[34] Исто, 100.

[35] Исто, 103.

*рија и Грција,*" а потоа продолжува текстот за процесот на окупација, при што „*Македонија се соочи со нова окупаторска поделба*".[36] За тешката положба под окупација, посебно е ставен акцент на „*големобугарската и големоалбанската пропаганда во Македонија,*" каде преку училиштата се спроведувала „*денационализација и асимилација*".[37] Сметаме дека е преостра и критички нецелосна констатацијата дека „*во западниот дел на Македонија повторно бил воведен десеток (спахилак) од времето на османлиското владеење и со теророт за иселување на македонското население започнало организирано населување на албанско население и спроведување на албанизација на окупираните територии.*"[38] Во лекцијата „*Востание, НОБ и антифашистичка борба на македонскиот народ во Вардарскиот дел на Македонија*", се потенцира „*правилниот однос на КПЈ кон македонското национално прашање,*" но од друга страна се нагласува за конфликтот на Покраинскиот комитет (ПК) на Македонија со Централниот Комитет (ЦК) на Комунистичката партија на Југославија (КПЈ) „*за концепцијата на организирање на ослободителната борба.*" Во учебниците доаѓа до израз обработката на забранети теми и личности од југословенскиот период на македонската историографија. Се величаат личности кои биле против југословенската концепција за организирање на борбата на просторот на Југославија, како Методија Шаторов — Шарло, кој се залагал за „*создавање на општ македонски национално-револуционерен фронт кој ќе ги опфати трите дела на Македонија и самостојно ќе ја организира борбата.*" Исто така се наведува дека „*Од страна на ЦК на КПЈ, Шарло бил обвинет дека без консултации партиската организација ја приклучил кон Бугарската комунистичка партија.*"[39] Во текстот е дадена биографија и фотографија на Шарло, како и информација дека во 2005 година на конференција на МАНУ бил рехабилитиран како македонски борец. Другите текстови зборуваат за создавање на вооружени единици и акции на македонските партизани, со детален приказ на востанието, каде се констатира дека на тој начин „*започнала организираната вооружена борба на македонскиот народ во Вардарскиот дел на Македонија.*"[40] Потоа се опишува создавањето на Комунистичката партија на Македонија (КПМ), воените акции и единици, како и ослободените територии и операции за ослободување на Маке-

[36] Новица Велјановски и др., Историја..., 142.

[37] Исто, 143-144.

[38] Исто, 145.

[39] Исто, 146-147.

[40] Исто, 148.

донија, а во овој дел има и додаток *„Обидот на Третиот рајх за создавање на независна Македонија во 1944 година.“* Значајно е да се напомене дека се дадени содржини и за сојузничките мисии во знакот на поддршката на НОБ. Потоа следува обемен дел за АСНОМ и *„конституирање на македонската држава“*. Како и во останатата историографија по самостојноста, се дава простор на претходно спомнатиот Шарло, потоа Панко Брашнаров и Методија Андонов — Ченто, за кого има посебна биографија и фотографија. Во текстот за одлуките на АСНОМ, покрај другото, дадена е *„Декларацијата за основните права на граѓаните на Демократска Македонија“*, каде за првпат се споменуваат другите народи. Сметаме дека е потребно и во другите лекции да се спомене улогата и придонесот на сите народи, со оглед на општограѓанскиот и сенародниот карактер на НОБ.

Во делот за ослободувањето на Македонија пишува дека *„До есента 1944 година четничките и балистичките сили во Македонија беа целосно разбиени и уништени“*[41], како и дека *„македонските воени единици беа ангажирани во чистење на територијата од разни колаборационистички и квислиншки, четнички, балистички и други вооружени формации.“*[42] Со ова, уште еднаш се потврдува нивниот фашистички карактер. Овде имаме и еден инклузивен пристап каде што се вели дека во борбите за конечното ослободување на Југославија на *„Сремскиот фронт замина Петнаесеттиот (македонски) корпус составен од 25.000 борци (Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Власи и др.).“*[43] Но, на крајот кога се работи за Македонија, се потенцира само улогата на македонскиот народ. *„Во Народноослободителната борба македонскиот народ со сопствени сили се избори за национална слобода (освен во Пиринскиот и Егејскиот дел на Македонија) и ја формира својата држава која како рамноправна единица влезе во составот на новата Демократска Федеративна Југославија.“*[44] На овој начин се создава перцепција дека за ослободувањето на Македонија заслужен бил само македонскиот народ. Со цел градење доверба и кохезија во општеството, сметаме дека е добро да се потенцира и улогата на другите етнички заедници во ослободувањето и создавањето на македонската држава.

---

[41] Исто, 159.

[42] Исто, 160.

[43] Исто, 159.

[44] Исто, 160.

Со оглед на миноризирање на улогата на другите народи во НОБ во учебникот од Н. Вељановски, сметаме дека дури и насловот на следната лекција *„Учество на Албанците во антифашистичката борба во Македонија“* оди во насока на поделби. Целта во учебниците да има содржини и за вториот по бројност народ во Македонија, не треба да биде само во квантитет, туку во интеракција на тие содржини кои би требало да се надополнуваат. Во лекциите се зборува за учеството на Албанците во борбата, органите на власта, како и за дилемите и поделбите поради кои едни се приклучиле кон КПМ, а други кон националистички албански организации. Значајно е потенцирањето, дека учеството на Албанците било *„евидентно“*, а за време на НОБ *„Албанците биле опфатени во сите политички и воени органи.“* Така што поголемиот број се определил за НОБ..., и дека *„За ослободување на земјата животот го дале голем број албански борци.“*[45] Во текстот исто така се објаснува дека одлуките на АВНОЈ и АСНОМ ги изневериле очекувањата на Албанците дека нивното прашање *„ќе биде решено на праведен начин, како што беше случајот со другите југословенски народи.“* Ова предизвикало реакции кај Албанците, поради што била прогласена вонредна состојба на Косово. Сметаме дека ова е многу значаен чекор напред во отворањето на прашања кои претходно биле „ставани под тепих“. Се констатира дека *„оваа состојба ја искористиле некои регресивни струи во југословенската војска за одмазда кон албанскиот народ, кој бил колективно етикетиран како соработник на окупаторот и како балисти. За време на овој период биле извршени неколку групни ликвидации и врз невини албански жители, како на Косово, така и во Македонија.“*[46]

Во оваа тема има посебна лекција *„Народноослободителното движење и НОБ во Пиринскиот и Егејскиот дел на Македонија во Втората светска војна“*. Во Пиринскиот дел на Македонија, прво е даден вовед за поделбата на Македонија и тешката положба, асимилацијата и денационализацијата на Македонците, а потоа антифашистичкиот и вооружениот отпор на Македонците. Се потенцира нивната вооружена акција против бугарската полиција во Разлошкиот крај, како *„прва антифашистичка вооружена акција не само на македонскиот народ, туку и во Бугарија и на Балканот воопшто.“*[47] Ваквата констатација оди во прилог на тезата за величање на македонскиот народ, бидејќи други балкан-

[45] Исто, 163-164.

[46] Исто, 164.

[47] Исто, 166.

ски историографии посочуваат претходни или истовремени акции, сметаме дека научно е поиздржано да биде: *„една од првите антифашистички вооружени акции...“*

За Егејскиот дел се преминува директно на антифашистичката борба на македонскиот народ во рамките на Комунистичката партија на Грција (КПГ) и другите грчки антифашистички органи со македонска национална програма за обединување на Македонија, не исклучувајќи го и минималниот национален програм за почитување на малцинските права на Македонците. Се потенцира дека за време на војната *„Македонците успеаја да ги афирмираат своите национално-културни вредности.“* Исто така се истакнува дека *„Целта на македонските воени формации во сите три дела на Македонија, без оглед што беа ставени под различни воени и политички раководства, беше иста, ослободување од фашистичките окупатори и борба за обединета Македонија.“*[48] Последното повеќе звучи како национално-патриотска формулација отколку како историски прецизна констатација. Се нагласува изборот на делегати на првиот АСНОМ од Егејскиот и Пиринскиот дел на Македонија.

Темаската целина за Македонија, завршува со лекцијата *„Образование и култура во НОБ“*. Во овој дел се потенцира дека културно-просветната дејност била составен дел од животот и борбата на учесниците во НОБ, со отворањето на првите училишта на македонски јазик, првите пишани весници и пропагандни материјали, македонската книжевност, театарот и културата воопшто.

Во учебникот од Б. Ристовски и др., последната тематска целина *„Македонија во Втората светска војна“* (од стр. 105 до 130), започнува со лекцијата *„Фашистичката окупација и поделба на Македонија“*. Како и претходните содржини за Втората светска војна, без идеолошка обоеност, туку со хронолошко наведување на фактите. Сосема логично се заклучува дека *„Македонскиот народ во Априлската војна не беше мотивиран за одбрана од фашистичките агресори, ниту пак располагаше со сопствена оружена сила. Затоа стана лесен плен за неговите окупатори и беше поделен меѓу сојузниците Германија, Италија, Албанија и Бугарија.“*[49] Но, исто така треба да се биде многу внимателен во формулациите, бидејќи назнаката дека македонскиот народ *„не беше мотивиран“* може да се толкува на различни начини, од кои некои нема да соодејствуваат на вистината. Поделбата на Македонија е дадена мошне пре-

---

[48] Исто, 168.

[49] Блаже Ристовски и др., Историја за III година..., 106

цизно. Посебен акцент е даден на: *„Окупаторската денационализаторска и асимилаторска политика“* на *„бугарските и албанските окупатори.“,* пред се преку училишниот систем за што се зборува во најголем дел од наставната содржина.[50] Потоа подетално се разработува економска политика на окупаторите, а и во овој учебник критички нецелосно се потенцира: *„Во Западниот дел на Македонија одново беше воведен десетокот (спаилакот) од времето на османлиското владеење и со терор за иселување на македонско население, започна организирано населување на албанско население и албанизација на окупираните територии.“*[51] Но, во овој учебник дел од наводите за наведените процеси и *„економско ограбување“* се поткрепени и со бројки. Ова може да се оцени како позитивно од аспект на нашата анализа за презентирање на Втората светска војна, но од воспитно-образовен, може да претставува и непотребно оптеретување на учебниците и учениците, во зависност од барањата за усвојување на знаења од страна на наставниците.

Содржините за Втората светска војна во учебникот на Б. Ристовски и др., продолжуваат со две лекции за народноослободителната борба на македонскиот народ во Вардарскиот дел на Македонија и тоа 1941 – 1942. и 1943 – 1944. Најпрвин се напоменува за решителниот став на КПЈ за борба против фашистичките окупатори и се напоменува дека *„По сериозни испитувања, двоумења и национално-политички надворешни мешања, македонскиот народ виде сојузник во КП за можна реализација на своите стремежи за национално, социјално и политичко ослободување.“*[52] И во овој учебник се отвораат табу теми, за *„сериозни разидувања од принципиелен и организационен карактер“,* но за разлика од учебникот на Н. Вељановски и др., во кој се велича улогата на Методија Шаторов Шарло, тука се многу поразлични констатациите за неговата улога. Тој *„дозволи, по сугестија на Коминтерната, партиските организации од бугарското окупационо подрачје да бидат привремено и условно приклучени кон БКП...“* По што во ПК на Македонија биле делегирани по еден член од КПЈ и БКП како рамноправни претставници, но *„Ставот за односот спрема оружената борба и за идната судбина на Македонија придонесе за нарушување на односите...“*, што резултирало *„со смена на М. Шаторов-Шарло од секретарската должност на 24 јули 1941 година и негово исклучување од членство во КП.“*[53] Во овој учебник нема негова него-

[50] Исто, 108.

[51] Исто, 109.

[52] Исто, 110.

[53] Истото.

ва биографија, ниту фотографија и покрај големиот број на илустрации. Исто така, во овој учебник нема содржини за други личности, вклучувајќи го и Методија Андонов Ченто. Во овој дел треба да се истакне и назнаката дека од партиското раководство во подготовките за престојната борба за вековните идеали на македонскиот народ биле повикани не само комунистите, туку *„и сите родољуби, без разлика на нивната национална, верска, општествена припадност и политичка определба.“*[54] Понатаму се дадени настаните и воените акции и диверзии, во кои се наведува учеството на различните народи во НОБ, во овој случај за формирањето на *„Скопскиот народноослободителен партизански одред со борци од разни националности (Македонци, Срби, Турци, Црногорци, Хрвати и Чеси).*[55] Како и за формирањето на партизанските одреди, 11 октомври – Ден на востанието, развојот и омасовување на НОБ. Во втората лекција за 1943 – 1944 година, акцентот е ставен на формирањето на КПМ и формирањето на македонската војска. Од воените дејствија даден е Февруарскиот поход, каде се напоменуваат борбите со *„бугарските сили“*, како и со *„Вардарскиот четнички корпус“*. Наведувањето на противниците со кои се воделе борбите обезбедува точен историски контекст и ја спречува потенцијалната релативизација на фашистичките органи и дејства во регионот. Потоа, дадена е пролетната офанзива и завршните операции за ослободување на Македонија, кои што во најголем дел се кратко и хронолошки презентирани.

Така продолжуваат и содржините до одржувањето на АСНОМ и неговите одлуки и решенија, во посебна лекција *„Конституирањето на македонската држава“*. Каде е даден текот на заседанието, решенијата со кои се формира македонската република во рамките на идна федеративна Југославија, македонскиот јазик, изборот на органи и др. Очигледен е позитивниот и кохезивниот пристап: *„АСНОМ е врховен претставител на суверенитетот на македонскиот народ и македонската држава“, „изразувајќи ја демократската волја на Македонците и националните малцинства во Македонија“.*[56] Во истата лекција даден е и придонесот на Македонија во антифашистичката војна. Го сметаме за важно потенцирањето дека *„НОБ во Македонија имала општонароден карактер.“* Во таа насока е учеството на *„борци од Македонија (Македонци, Албанци, Турци, Срби, Власи, Роми и др.)“* на Сремскиот фронт. Како и де-

[54] Истото.

[55] Исто, 111.

[56] Исто, 120.

ка *„македонските единици учествуваа и во уништувањето на заостанатите колаборационистички и квинслишки усташки, четнички, балистички и други оружени формации во Македонија, на Косово и низ Босна, Хрватска и Словенија“.*[57]

Во лекцијата *„Народноослободителното движење и НОБ во Пиринскиот и Егејскиот дел на Македонија во Втората светска војна“,* прво е објаснета тешката положба на македонскиот народ, поради која тој *„масовно се определи за соработка со прогресивните движења и вклучување во антифашистичката борба“,*[58] преку БКП и КПГ. И во овој учебник се идеализира улогата на македонскиот народ, преку *„првата оружена акција на македонскиот народ воопшто и првата оружена борба во антифашистичкиот отпор на Балканот.“*[59] Потоа, хронолошки и фактографски се наведуваат воените дејствија и формирање на партизанските одреди под БКП. Како што стои во учебникот и Македонците во Егејскиот дел на Македонија *„се обидоа да формираат македонски востанички единици, но тие беа оценети како сепаратистички и беа оневозможени од КПГ.“*[60] Но, потоа се наведува дека успеале да формираат свои политички организации и воени единици, потоа за нивната борба, но и за издавањето на македонски весници и списанија, отварање на македонски училишта..., за кои не се наведува под чие раководство биле. Во лекцијата се дадени и врските и соработката со ослободителното движење во Вардарскиот дел на Македонија. Тие во лекцијата се дадени во насока *„на плановите за обединета Македонија во нејзините природни, географски и етнички граници“.*[61]

Во стручните средни училишта историјата се изучува само во II (втора) година и тоа како *„Историја на Македонија“.*[62] Наставниот материјал е поделен на пет тематски целини, од кои Втората светска војна е во последната, петта целина: *„Македонија од Балканските војни до независноста“.* За разлика од гимназиското образование, темите се само за Македонија, односно: *Македонија во Втората светска војна; Народноослободителното движење во Пиринскиот и Егејскиот дел на Македонија;*

---

[57] Исто, 122-123.

[58] Исто, 124.

[59] Исто, 125.

[60] Истото.

[61] Исто, 127.

[62] Мирослав Бошковиќ, Данче Мачоска, Историја на Македонија за II година средно стручно образование, Министерство за образование и наука на Република Македонија, Скопје 2010.

*Создавање на македонската држава и Народна Република Македонија во рамките на Југословенската федерација.* Во содржините нема никакви релативизации на фашистичкото движење и окупација, со многу изразен опис на тешката положба на македонскиот народ. Акцентот е ставен на асимилаторскиот карактер на окупацијата, масовниот терор, грабежите и прогоните на македонското население. КПЈ е носител и организатор на антифашистичката и народноослободителната борба. Се потенцира дека *„во КПЈ и нејзиното народноослободително определување, македонскиот народ го најде својот сојузник“*,[63] со опис на борбените дејствија, воените единици, востанието, формирањето на КПМ и воените и партиските органи. Во овој учебник нема ниту една реченица за Албанците или за учеството на другите народи во НОБ во Македонија.

Во посебната лекција *„Народноослободителното движење во Пиринскиот и Егејскиот дел на Македонија“* е прикажан антифашистичкиот и вооружениот отпор на Македонците, и се потенцира дека на Првиот АСНОМ учествувале и делегати од Пиринскиот дел на Македонија. Се зборува за идејата за обединување со Вардарскиот дел на Македонија, но и дека *„учествувајќи во антифашистичката борба, Македонците од Пиринскиот дел на Македонија се надеваа дека по војната Бугарија ќе им ги признае и гарантира националните права.“*[64] Во Егејскиот дел на Македонија, во овој учебник помалку е изразена идејата за обединување, туку покрај учеството, формирањето на свои единици и органи со македонски предзнак, антифашистичката борба била и борба за своите национални права во Грција, кои биле унапредени во воениот период во рамките на КПГ. За да по војната повторно бидат укинати, *„со што е продолжена нејзината традиционална политика на денационализација и асимилација на македонскиот народ во Егејскиот дел на Македонија.“*[65] И пред формирањето на републиката, за разлика од другите делови, кога се зборува за Вардарскиот дел на Македонија, во овој учебник се користи само терминот Македонија.

Во лекцијата *„Создавање на македонската држава“* се прикажани најзначајните воени операции со кои бил ослободен просторот на Македонија, чија круна е АСНОМ. Во учебникот, како и во останатата историографија по осамостојувањето, простор се дава на претходно споменатите Методија Андонов-Ченто и Панко Брашнаров. Во текстот за одлу-

---

[63] Исто, 123.
[64] Исто, 126.
[65] Исто, 128.

ките на АСНОМ, како и во гимназиското образование, се спомнуваат правата на другите во *Декларацијата за основни права на граѓаните на Македонија*, во која *„македонската држава ги гарантира сите права на нејзините граѓани, како што се правото на изразување на мајчин јазик, правото на вероисповед и слично.“*[66]

Овој текст доаѓа по описот на целата војна и речиси ослободувањето на Македонија, во кое учествувале и Албанци, Турци, Срби, Власи, Бошњаци и други, но не се спомнати ниту еднаш, така што дури и овој позитивен исчекор може да влијае негативно и да создава предрасуди кај Македонците дека тие ја понеле жртвата, а на другите им ја подариле слободата и правата. И до крајот на содржините за Втората светска војна ниту еднаш не е земено во предвид дека НОБ била сенародна борба на сите македонски граѓани.

Наставните содржини поврзани со Втората светска војна, поради антифашистичкиот карактер на најголемиот дел од граѓаните на Северна Македонија и цивилизациските вредности и придобивки од антифашизмот треба да бидат уште повеќе застапени во учебниците во духот на кохезија и заедништво, особено поради временската дистанца и нивната актуелност денес.

## ЗАКЛУЧОК

Македонската историографија по Втората светска војна и создавањето на Република во рамките на југословенската федерација, историскиот наратив го создаваше во духот на југословенската и социјалистичката идеологија, врз темелите на народноослободителната и антифашистичката борба.

Во однос на Втората светска војна, главно немаше значајни промени на наративот кој се градел со децении наназад, освен во однос на некои значајни личности, дури и носители на НОБ, кои поради политички или идеолошки несогласувања со централното комунистичко раководство биле етикетирани како предавници, апсени и затворани. По независноста се истражува и публикува нивниот значај во НОБ и по војната, а стануваат и дел од учебниците.

Темите за Втората светска војна и НОБ по осамостојувањето на Македонија се со поширок и пообјективен пристап од југословенскиот период. Она што треба да се нагласи е дека содржините за Втората свет-

---

[66] Исто, 131.

ска војна го истакнуваат фактот дека македонскиот народ бил дел од меѓународната коалиција која се борела против фашизмот, додека најчесто се изоставени другите етнички заедници. Се потенцира дека народноослободително движење почива или е под силно влијание на илинденската традиција во борбата за национално ослободување и создавање македонска држава, и тоа не се коси со вредностите на антифашизмот и поранешниот социјалистички југословенски наратив за Втората светска војна. Не постојат никакви релативизации на фашистичкото движење и фашистичките идеологии. Промените се повеќе во квантитетот отколку во суштината. Темите поврзани со повоениот период и Југославија се сведени на минимум и спорадично се приклучуваат на поглавјата за историјата на Балканот. На нивно место се зголемуваат темите кои се однесуваат на античкиот период, средниот век, сѐ до периодот на Балканските војни. По осамостојувањето се забележува зголемен интерес за црквата и религијата. Ова се гледа и по големиот број содржини и илустрации во учебниците по Историја во основното и средното образование.

Дека актуелните настани и процеси влијаат и на пишувањето на историјата, покажува реакцијата на ветото на Грција за членството на Македонија во НАТО во 2008 година. Тогаш македонските власти поинтензивно од кога било го истакнуваат античкото македонско наследство и потекло и се интензивираат истражувањата на античкиот период. Со решавањето на спорот со Грција и членството на Северна Македонија во НАТО, ветото на Бугарија за почеток на преговорите на Северна Македонија со ЕУ повторно ја врати во фокус Втората светска војна.

Наставните содржини често покажуваат јасен национален фокус, со ограничен број примери за меѓуетничка соработка. Чести се и идеализирани формулации за народноослободителното движење на македонскиот народ, каде што се создава нецелосна претстава за придонесот на другите народи и за историската сложеност на настаните. Понекогаш и со контрадикторности, на пример, позитивно се истакнува дека за ослободувањето на Југославија придонело учеството на сите народи од Македонија, додека за ослободувањето на самата Македонија заслугата се прикажува само на македонскиот народ. Присутни се и аспекти на наративна виктимизација, со пренагласување на неправдите кон Македонците од страна на други народи и држави.

*Позитивни страни на учебниците по историја:*

- доследно го зачувале антифашистичкиот наратив, со јасна осуда на фашизмот, колаборационизмот и окупацијата;

- Втората светска војна и народноослободителната борба се претставени како темел на македонската државност и идентитет, што има силно воспитно и обединувачко значење за државата и граѓаните;

- Истражувањата и текстовите по независноста внесуваат и критички преглед на некои маргинализирани личности, што го прави наративот пообјективен;

- Се споменуваат клучни датуми и личности, со едукативна и воспитна цел;

- Се признаваат и некои погрешни политики или репресии спрема делови од албанското население за време на војната и по неа.

*Негативни страни на учебниците по историја:*

- Наставните содржини често ја прикажуваат борбата против фашизмот со нагласен национален фокус, претставувајќи ја главно како заслуга на македонскиот народ, со ограничено признавање на придонесот на другите народи;

- Во текстовите се користат идеализирани или патриотски формулации, кои не се секогаш поткрепени со историски факти;

- Наративот за соседните држави (Бугарија и Грција) обично не вклучува критичка анализа или контекстуализација на пошироките регионални околности;

- Дел од содржините се контрадикторни: на пример, во еден дел се нагласува придонесот на сите народи од Македонија за ослободувањето на Југославија, додека во друг дел се прикажува дека за ослободувањето на самата Македонија заслугата ја имаат исклучиво Македонците;

- И покрај отворањето на одредени „тешки“ теми, сѐ уште недостига мултиперспективен и балансиран приказ на улогата на сите народи во Македонија.

*Препораки за да се постигне поголема објективност и развивање на критичко мислење кај учениците:*

- Учебниците по историја треба да даваат насоки за градење на кохезија и меѓуетничко разбирање, со прикажување на историските

процеси без претерано нагласување на заслугите на еден народ во однос на другите;

- Наставните содржини треба да имаат мултиперспективен пристап, кој ги интегрира придонесите и страдањата на сите народи во Македонија и овозможува критичка анализа на противречностите и тешките моменти;

- Да се вклучат повеќе извори, сведоштва и документи кои прикажуваат различни гледишта со цел развивање на критичко мислење и мултиперспективност;

- Наставните материјали треба да се засноваат на историски проверливи факти, со почитување на различни гледишта и сложеноста на историските процеси;

- Да се потенцира дека антифашистичката борба не е заслуга само на еден народ или идеологија, туку на сите граѓани кои се бореле за слобода и достоинство, вклучувајќи примери на соработка меѓу етничките заедници;

- Да се прошири покриеноста на теми како холокаустот, улогата на жените и малцинствата;

- Да се користи современ, академски и неутрален јазик, кој обезбедува точност и избалансиран приказ на историските настани.

Државите создадени на урнатините на југословенскиот идеолошки систем не само што имаат потреба, туку и мораат да работат на зајакнување на разбирањето и довербата меѓу народите, особено преку наставата по историја, која треба да придонесува за отстранување на предрасудите и да го истакне позитивното меѓусебно влијание на различните народи и држави во минатото. Сметаме дека постои потреба за развој на нови учебници кои ќе ја промовираат кохезивноста во општеството и мултиперспективниот пристап кон другите, особено соседните држави, со цел подобро разбирање на комплексната историја на регионот.

Македонската историографија, наставните програми и учебниците по историја успеале да ја сочуваат суштината на антифашистичките вредности и да ја афирмираат важноста на НОБ за државноста. Сепак, тие често се базираат на претежно национално фокусирана и ограничена перспектива, која не ја прикажува целосната реалност и не придонесува доволно за градење на општествена кохезија. Во овој контекст, треба да се искористат придобивките од Втората светска војна и АСНОМ,

кои претставуваат најдобра брана против ретроградни и неофашистички идеологии, и кои продолжуваат да бидат темелот врз кој денес се гради македонската држава и општество. Потребен е обновен, критички и инклузивен пристап кој ќе ја зајакне заедничката меморија и довербата помеѓу македонските граѓани, како и помеѓу Северна Македонија и државите од регионот.